# ТРЕТМАНОТ НА РОДОТ ВО ОПШТИНСКИТЕ ПРОГРАМИ И БУЏЕТИ

Сумарен извештај од следење во општините Струмица, Кавадарци, Радовиш, Центар и Карпош

Скопје, 2018

CIVICA MOBILITAS

акција ЗДРУЖЕНСКА

Наслов: Третманот на родот во општинските
програми и буџети: Сумарен извештај
од следење во општините Струмица,
Кавадарци, Радовиш, Центар и Карпош

Издавач: Здружение за унапредување на
родовата еднаквост Акција Здруженска –
Скопје
Ул. Никола Тримпаре 12/1-12, Скопје
Тел: 02 3 215 660
www.zdruzenska.mk

За издавачот: Марија Савовска, Извршна
директорка
Авторка:Марија Савовска
Лектура: Снежана Ангеловска
Ликовно – графичко обликување: Кома лаб
Скопје, 2018

# СОДРЖИНА

1. ВОВЕД 5

2. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ 7

3. СУМАРНИ НАОДИ 11

3.1. КАКО ИНФОРМИРАА ОПШТИНИТЕ ЗА ПЛАНОВИТЕ ЗА РАБОТА И БУЏЕТОТ ЗА 2018 ГОДИНА? 11

3.2. КАКО И СО КОЛКУ СРЕДСТВА ОПШТИНИТЕ ЌЕ ЈА УНАПРЕДУВААТ РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ВО 2018? 12

3.3. ШТО РАБОТЕА КООРДИНАТОРИТЕ И КОМИСИИТЕ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И НА МАЖИТЕ (ЕМЖМ)? 14

3.4. НА ШТО СЕ ЗАСНОВАНИ ПРОГРАМИТЕ И БУЏЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ ЗА 2018 ГОДИНА? 15

3.5. КАДЕ СЕ ПРИОРИТЕТИТЕ НА ЖЕНИТЕ ВО СЕКТОРСКИТЕ ПРОГРАМИ И БУЏЕТ НА ОПШТИНИТЕ? 18

4. ПРЕПОРАКИ 21

5. ЛИСТА НА ИЗВОРИ 22

Наслов:
Третманот на родот во општинските програми и буџети:
Сумарен извештај од следење во општините Струмица, Кавадарци, Радовиш, Центар и Карпош

Издавач:
Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска – Скопје
Ул. Никола Тримпаре 12/1-12, Скопје
Тел: 02 3 215 660
www.zdruzenska.mk

За издавачот:
Марија Савовска, Извршна директорка

Авторка:
Марија Савовска

Лектура:
Снежана Ангеловска

Ликовно – графичко обликување:
Кома лаб, Скопје, 2018

Финансирано од:

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) од Македонија и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU) од Шведска

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Здружението за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

# 1.

# ВОВЕД

Оваа публикација е подготвена во рамките на проектот „Застапување на родово инклузивни локални буџети“, чијашто цел е да го унапреди третманот на родовите прашања во буџетското планирање на локално ниво преку зајакнување на капацитетите и поддршка на локалните женски невладини организации за следење и застапување на родовата еднаквост во буџетските процеси.

Во отсуство на развиени локални политики и системи за следење на исполнувањето на обврските за унапредување на родовата еднаквост на локално ниво, Акција Здруженска во континуитет развива програми за поддршка на капацитетите на локалните организации кои се во функција на воспоставување пракса на континуирана комуникација со жените од локалната заедница, следење на работата на локалните власти, формулирање на предлози коишто се засновуваат на аргументи и барање отчет за остварување на целите на политиките за родова еднаквост.

Потребата од континуиран увид и проценка на работата на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) поаѓа од тоа што една од клучните индикации за посветеноста на локалните власти кон родовата еднаквост е третманот на ова прашање во управувањето со јавните финансии, при што од особена важност е обемот и квалитетот на учеството на жените од локалната заедница во процесите на планирање и буџетирање.

Во рамките на проектот беше проширен опфатот на општини и локални женски НВО во успешно спроведен стандардизиран модел на зајакнување, којшто подразбира нивен активен ангажман во идентификација, следење и застапување на приоритетните потреби на жените од локалната заедница кај локалните власти и размена на информации и искуства со претходно вклучени организации[1].

Организацијата на жени – Струмица, Организацијата на жени Визија – Кавадарци, Женска акција-Радовиш и Организацијата за унапредување на правата на еднородителските семејства Една може - Скопје, преку обука и континуирана поддршка и менторство од тимот на Акција Здруженска, применија креативни начини на информирање и поттикнување на интересот на локалните жени за јавните финансии и активно граѓанско учество, ги испитаа потребите и приоритетите на жените и обезбедија информации за нивото на информираност и вклученост

1 Родовата рамноправност во локалните буџети: модел на зајакнување, Акција Здруженска 2016

во програмските и буџетските процеси. Исто така, спроведоа мониторинг на процесот на програмирање и буџетирање за 2018, со цел да се идентификува начинот на кој општинските власти третираат 2 клучни приоритети на жените идентификувани преку партиципативното истражување.

Поединечените наоди и препораки од следењето беа појдовна основа за дебати со локалните чинители, вклучувајќи ги и жените од заедниците, за начините на коишто можат да се унапредат процесите на планирање и донесување одлуки со општинските власти да бидат транспарентни, инклузивни и отчетни кон жените од локалната заедница.

Во оваа публикација се поместени збирните наоди од следењето на процесот на програмирање и буџетирање за 2018 во Струмица, Кавадарци, Радовиш, Центар и Карпош.

Резултатите од анализата на податоците од следењето прибрани од страна на организациите и проектниот тим на АЗ се организирани во неколку специфични контексти во кои се детектирани најголемите предизвици за унапредување на родовата еднаквост, вклучувајќи го и зајакнувањето на демократскиот капацитет кај локалните власти.

Целта на ваквото претставување е да се понуди генерален преглед и илустрација за најочигледните пропусти во третманот на родовата еднаквост и специфичните прашања коишто беа предмет на следење од страна на новите локални власти, не навлегувајќи во детална елаборација на состојбите во одделни општини. Сепак, некои од наодите се илустрирани преку праксата на општините, со цел подобар увид на аспектите кои се предмет на анализа.

Во извештајот се дадени и препораки за локалните власти за надминување на клучните предизвици во поглед на генералниот, стратешки пристап кон прашањето на родовата еднаквост, заснованоста на програмите и буџетите врз потребите и приоритетите на жените, отчет за ефектите и обезбедување можност за информирање и вклучување, економско зајакнување и социјални услуги за жените во секторските програми и буџетот. Секоја од нив ги засега различните чинители од структурата на локалната власт, имајќи ги предвид нивната законска и политичка улога, овластувањата и одговорност.

Ваквиот пристап произлегува од потребата да се развијат посеопфатни политики и системи за поддршка и следење на исполнувањето на законските и политичките обврски за унапредување на родовата еднаквост на локално ниво. Имено, со оглед на тоа што досегашните анализи за напредокот покажуваат сериозно отсуство на посветеност и ефикасност во нивното практично спроведување, не може да се очекуваат промени во секојдневните околности на жените и создавање услови коишто ќе им обезбедат еднакви можности за социјален и економски развој.

Оттука, согласноста околу потребата од реорганизација на планирачките, управувачките и процесите на донесување одлуки од страна на локалните власти, за тие да бидат насочени и втемелени врз потребите и приоритетите на жените е неопходен, прв чекор за унапредување на родовата еднаквост.

# 2.

# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ

Специфичната цел на мониторингот е да се идентификува дали и на кој начин ЕЛС ги третираат потребите на жените од локалната заедница, односно специфичен предмет на следење беа активностите/мерките и ресурсите на ЕЛС во однос на избран приоритетен проблем идентификувани од самите жени, а чиешто решавање спаѓа во директна надлежност на ЕЛС.

На процесот на следење му претходеше проценка на условите, проблемите и потребите, како и оценување на пристапот на жените до услугите кои локалните власти би требало да ги планираат и да ги финансираат во рамките на нивните надлежности. Воедно, беа испитувани и информираноста и вклученоста на жените во програмското и буџетското планирање.

За целта на проценката, беше спроведено квалитативно партиципативно истражување во коешто беа опфатени вкупно 498 жени. Партиципативното истражување беше реализирано преку 2 типа активности спроведени во секоја од општините опфатени со проектот.

Спроведена е анкета помеѓу 407 жени избрани по случаен избор на јавен простор заради испитување на нивните познавања за висината и намената на општинскиот буџет за 2017 и вклученоста во локалните процеси на планирање и одлучување. Анкетата е спроведена во рамки на информативно едукативна кампања за поттикнување на интересот за јавните финансии и учество во планирањето на  локалните буџети. Целта на ваквиот методолошки пристап беше во функција на обезбедување информации од жени од заедницата со кои организациите не комуницираат на редовна основа. Дополнително, жените имаа можност да приоретизираат услуги коишто би се финансирале со износ определен како најмалку транспарентена буџетска алокација, давајќи притоа околу 500 предлози за финансирање од општинските буџет.

Оваа анкета ги потврди претходните сознанија за речиси комплетната исклученост на жените од процесите на консултации и донесување одлуки со оглед на тоа што ретко која од нив била на каков било начин вклучена во овие процеси. Дополнител-

но загрижува и речиси непостоечко ниво на информираност за локалните финансии. Имено, идентификувана е само една од анкетираните жени со сознанија за висината на буџетот, додека останатите немаат ниту приближна претстава за износот. Илустративен пример е изјавата на една од жените, која на прашањето со колкав износ според нејзино мислење располага општинската власт, одговори *"околу 50 000 евра„.*

За потребите на проценката, беа реализирани 10 фокус-групи со учество на 91 жена, коишто се спроведени во две серии. За да се добијат што е можно порелевантни податоци, секоја од фокус-групите беа составени од жени од различно професионално и социјално миље. Првата серија фокус-групи беше структурирана на начин кој обезбеди отворен процес за изразување на проблемите и потребите на жени од различни профили, врз основа на полуструктурирани прашалници коишто имаа за цел да обезбедат идентификација на проблеми и приоритети коишто се релевантни на клучни области од надлежност на локалната самоуправа, односно инфраструктура, економија, социјална заштита, образование и одлучување. Значајно е да се спомене дека дадените приоритети во голема мерка се совпаѓаа со предлозите за финансирање прибрани за време на кампањата. Имено, најголем број препораки жените предлагаа во областа на социјалната заштита, економските можности и комуналните дејности, што упатува на тоа дека општинските власти треба да ги приоретизираат и да планираат мерки во овие области на начин кој ќе биде од корист за жените. На втората серија фокус-групи жените од локалните заедници го оценуваа нивото на услугите коишто општината ги нуди во однос на проблемите и потребите коишто произлегоа во првите фокус-групи. За потребите на оценувањето беше изготвена алатка за оценка на локалните власти во однос на пристапот на жените до услуги, со однапред определени специфични индикатори за мерење на перформансите на општината во обезбедување на пристапот во секоја од клучните области на надлежност. Од овие фокус-групи произлегоа заеднички оценки и беа утврдени специфични приоритети за кои општината би требало да програмира мерки и да обезбеди нивно финансирање.

Врз основа на резултатите и оценките добиени од фокус-групите, а соодветно на мисиите и клучните области на дејствување на локалните организации, беа идентификувани следниве два приоритета за петте општини соодветно, кои од страна на учесничките беа оценети со најниска средна вредност:



| **ПРИОРИТЕТ 1.** ПРИСТАП ДО ЈАВНИ УСЛУГИ ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА / УСЛУГИ ЗА САМОХРАНИ МАЈКИ | | | |
|---|---|---|---|
| Општина | Оценка | Опис на индикаторот | Препораки |
| ЦЕНТАР | 3 | Општината обезбедува одреден број услуги кои задоволуваат дел од потребите и не сите жени имаат пристап до нив (не се информирани или се недостапни) | Воведување на критериуми за опфат на самохрани родители во мерките и програмите за социјална заштита<br>Субвенционирање на престој во градинки за самохрани родители<br>Поддршка на семејства со деца со посебни потреби |
| КАРПОШ | 3 | Општината обезбедува одреден број услуги кои задоволуваат дел од потребите и не сите жени имаат пристап до нив (не се информирани или се недостапни) | Воведување на критериуми за опфат на самохрани родители во мерките и програмите за социјална заштита<br>Субвенционирање на престој во градинки за самохрани родители<br>Поддршка на семејства со деца со посебни потреби |

| **ПРИОРИТЕТ 2.** ПРИСТАП ДО УСЛУГИ ОД СФЕРАТА НА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ / ЕКОНОМСКО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| Општина | Оценка | Опис на индикаторот | Препораки |
| СТРУМИЦА | 2 | Општината реализира мал број инцидентни активности за економско зајакнување (награди за бизниси идеи на млади во областа на информатиката), но поголемиот дел од жените немаат пристап до нив (не се информирани, не исполнуваат услови) | Програма за економско зајакнување на жените од земјоделието<br><br>Поддршка на женско претприемништво<br><br>Јавно приватно партнерство за посредување во обезебедување грижа за деца, одржување хигиена и сл. |
| РАДОВИШ | 2 | Општината реализира мал број инцидентни активности за економско зајакнување (обуки), но поголемиот дел од жените немаат пристап до нив (не се информирани, не исполнуваат услови) | Програма за женско претприемништво<br>Субвенционирање на мали бизниси на жени |
| КАВАДАРЦИ | 1 | Во општината нема програми за економско јакнење на жените | Програми за женско претприемништво<br>Субвенции за мали бизниси на жени (производство на маџун, винарии и сл.)<br>Поддршка на организирани форми на производство, развој и пласман на производи |
| ЦЕНТАР | 1 | Во општината нема програми за економско јакнење на жените | Програми за економско зајакнување на жени (самовработување, доедукација, професионален развој)<br>Поттикнување на женско претприемништво, вклучувајќи и социјално претприемништво |

Имајќи ги предвид вака поставените приоритети, мониторингот се фокусира на следниве најопшти прашања од интерес:

- Каков е третманот на избраниот приоритет во програмите и буџетот на општината за 2017?
- Каква е праксата на информирање и консултации заради испитување на потребите и прибирање предлози за мерки од жените за програмите и буџетот за 2018?
- Дали и на кој начин механизмите за унапредување на ЕМЖМ се вклучени во консултациите, планирањето и усвојувањето на програмите и буџетот за 2018?
- Какви мерки, активности и ресурси се планирани во годишните планови и буџетите на ЕЛС за 2018 за одговор на избраниот приоритет на жените.

Следењето е спроведено преку примена на тестирана методолошка алатка во којашто за секоја од фазите се поместени специфични прашања/индикативни насоки за прибирање информации и анализа, преку кои мониторките ги идентификуваа специфичните активности/мерки и ресурсите коишто општинските власти ги планираат во однос на еднаквите можности и избраниот приоритет. Прашањата делумно ги зафаќаат и аспектите поврзани со транспарентноста на планирачките и процесите на донесување одлуки, особено оние коишто се однесуваат на буџетот.

Поширокиот контекст на следењето ги зема предвид законски утврдените процеси за подготовка на годишните програми и буџетот на ЕЛС, како и законските обврски за унапредување на родовата еднаквост. Следењето е спроведено во периодот од јуни 2017 год. до јануари 2018 год., во неколку последователни чекори коишто ги опфаќаат клучните фази од локалниот циклус на подготовка и усвојување на годишните програми и буџетот:

- Фазата на консултации заради прибирање предлози;
- Фазата на подготовка на нацрт/предлог планови и буџети и нивно објавување и консултации за приоретизирање на мерките и буџетските алокации пред усвоувањето;
- Фазата на усвојување на предлог-програмите и буџетот од страна на Советот, вклучувајќи ја и објавата на усвоените акти во службените гласила на општината.

Собирањето на податоците се одвиваше преку дневни прегледи и анализа на објавените содржини на веб страните и анализа на содржината на службените гласила, општинските акти и планирачките документи, интервјуа со претставници на општинската администрација и совет, средби со градоначалници, барања за пристап до информации од јавен карактер, набљудување (присуство на седници на совет, форуми и собири на граѓани).

Најнапред беа прибрани и анализирани податоците за програмите и буџетот за 2017 година, како појдовна основа за можни споредби со оние за 2018 година. Еден од клучните предизвици во примената на методологијата за следење беа локалните избори коишто се одржаа во октомври 2017, односно скратените временски рокови коишто влијеа на динамиката и интензитетот на следење и можноста за обезбедување на релевантни податоци и документите за процесите на консултации, подготовката и усвојувањето на годишните програми и буџетите. За секоја од општините организациите подготвија извештаи со клучни наоди и препораки од следењето, со цел да послужат како ресурс за идно застапување пред локалните власти.

# 3.

# СУМАРНИ НАОДИ

## 3.1. Како информираа општините за плановите за работа и буџетот за 2018 година?

Пристапот до основни информации е прв и неопходен предуслов за обезбедување граѓанско учество. Притоа, императив е активната дистрибуција на клучни информации и документи до граѓаните од страна на локалните власти, наместо обесхрабрувачкиот, пасивен пристап на очекување на барања за пристап до информации од јавен карактер. Од особено значење е обезбедувањето на информациите за намерите на општинските власти, пред тие да бидат формулирани и донесени како крајни одлуки, односно повикување на граѓаните да го дадат своето мислење, коментари, гледишта и повратна информација за клучните планирачки документи.

Во повеќето општини е забележано делумно, тешко достапно или ненавремено објавување на клучните акти на веб-страниците, имајќи ги предвид стандардните чекори од фази на планирање и усвојување. Повеќето општини немаат пракса на објавување на програмите и буџетите во нацрт или предлог-фазата, со обезбеден доволен период за јавен увид и можност за подготовка на предлози за унапредување или промени во клучните планирачки документи во областите на надлежност. Уште помалку имаат пракса на прилагодување на содржината на клучните програмски и буџетски намери со

Табела 1. Достапност на информации за програмите и буџетот на веб страна

| ОПШТИНА | Нацрт /предлог програми | Нацрт/ Предлог буџет | Усвоени програми | Усвоен буџет | Граѓански буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| КАВАДАРЦИ | 16/12/2017 | 25/12/2017 | 11/01/2018 | 05/02/2018 | не |
| СТРУМИЦА | не | не | 15/01/2018 | 15/01/2018 | не |
| РАДОВИШ | не | не | 17/01/2018 | 22/01/2018 | не |
| ЦЕНТАР | 15/12/2017 | не | 08/02/2018 | 08/02/2018 | не |
| КАРПОШ | не | не | 14/02/2018 | 17/01/2018 | не |

цел таа да биде поразбирлива за јавноста. Дури и за дел од граѓанските здруженија коишто ги следат овие процеси и се поупатени во процесите и коишто ја поседуваат основната техничка експертиза, анализата на програмските, а особено на буџетските документи е оневозможена или отежната заради повеќемесечно необјавување на службените гласила со усвоените акти на општините, или пак потребата истите да се бараат преку механизмот за пристап до информации од јавен карактер. Дел од општините се правдаат со технички недостатоци и неажурност на службите задолжени за поставување. Онаму каде што навремено се објавуваат, останува потешкотијата за ефикасно следење и посериозна анализа на општинските акти, особено од перспектива на родовата еднаквост, којашто произлегува од тешко достапни локации, обемноста, недоволно елаборираната содржина во поглед на заснованоста, специфичните приоритети и очекувани резултати, отсуството на индикатори за седење и оценка и невозможноста да се поврзат програмите и мерките со буџетските алокации.

Што се однесува до останатите информации, на веб-страниците доминираа информации за активностите на градоначалниците, или пак информации за поединечни проекти на општината, особено оние коишто се спроведуваат во рамките на соработката со надворешни чинители за коишто не е јасно која е улогата на општината во нивната реализација. Само дел од општините објавуваат навремени најави за консултации и седници на совет, со тоа што недоволно внимание им се посветува на повратните информации за резултатите од овие активности или одлуките коишто се достапни во форма на куси вести. Забележлив е и трендот на комуникација со граѓаните преку социјалните мрежи, особено фејсбук страниците на градоначалниците за сметка на веб страните.

## 3.2. Како и со колку средства општините ќе ја унапредуваат родовата еднаквост во 2018?

Една од клучните претпоставки за надминување на комплексните предизвици коишто произлегуваат од родовата нееднаквост е капацитетот за долгорочно планирање, преку подготовка на повеќегодишните планови коишто ја обезбедуваат визијата, исходите, рамката и насоките за дејствување на сите клучни актери од општинската структура, согласно нивните улога и функции. Неопходен е сеопфатен стратешки пристап за остварување на позначајни промени во која било област, но е особено релевантен во контекст на интегрирање на родовата перспектива во секторските политики и буџетот на општините. Овие планови, преточени во годишни планови коишто се една од законските обврски за општините, би требало да ги вклучат и посебните мерки кои ги адресираат најочигледните потреби и ограничувања за жените. Потенцијалот на овие планови за унапредување на родовата еднаквост, освен од нивната амбиција, во голема мерка се условени од обезбедената финансиска и друг вид поддршка за ефикасно спроведување на предвидените мерки и активностите.

Табела 2. Планови, програми и буџет за унапредување на родовата еднаквост

| ОПШТИНА | Повеќе-годишни планови за РЕ (Стратегија/ акциски план) | Годишен план со мерки за ЕМЖМ | | Буџет за годишниот план со мерки за ЕМЖМ | | % од вкупен буџет на општината | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2017 | 2018 | 2017 | 2018 | 2017 | 2018 |
| КАВАДАРЦИ | не | не | не | 0 | 0 | 0% | 0% |
| СТРУМИЦА | Да Стратегија за РЕ 2017-2020 | да | да | 156.000 мкд | 400.000 мкд | 0,013% од 1.163.865.728 мкд | 0,033%од 1.209.190.913 **мкд** |
| РАДОВИШ | не | не | не | 0 | 0 | 0% | 0% |
| ЦЕНТАР | не | Не (Програма на Комисија за ЕМЖМ) | Не (Програма на Комисија за ЕМЖМ) | 100.000 мкд | 200.000 мкд | 0,005% од 1.775.440.000 | 0,011% од 1.784.880.000 |
| КАРПОШ | не | да | да | 454.000 мкд | 302.000 мкд | 0,018% од 2.394.831.000 | 0,013% од 2.168.112.000 |

Само една општина има донесено стратегија со акциски план како основа за програмирање, изработена во рамките на иницијатива на меѓународна организација, оттука и мерките во годишните програми се посеопфатни во смисла на опфатени области, вид на планирани мерки, вклучувајќи ги и оние во рамки на одделни секторски програми, вклучени структури во спроведувањето, индикатори за следење и слично. Дел од општините воопшто не подготвиле годишни планови со мерки за 2018 година со образложение дека истите ќе бидат подготвени со задоцнување заради недоволно време или очекувања за надворешна поддршка во подготовката. Од анализата на содржината на усвоените програми, може да се заклучи дека ниту во една програма не е поместена информација дали се спроведени активностите од претходната година и кои се резултатите од нив. Ако се земат предвид мерките од усвоените програми, малку е веројатно дека тие имаат третман на сериозен планирачки документ на општината којшто треба да обезбеди суштински промени во пристапот на жените до услугите на општината и унапредување на нивните можности во областите од надлежност на општината. Повеќето од мерките немаат потенцијал за позначајно унапредување на еднаквоста на жените, со оглед на тоа што голем дел од мерките се насочени кон едукација или промоција.

Освен недоволните податоци и елаборација за релевантноста, опфатот и методологијата на нивно спроведување и очекуваните резултати и исходи, анализата на дел од усвоените програми покажува загрижувачко ниво на непознавање на природата на проблемот на нееднаквоста и законските обврски за унапредување на ЕМЖМ. Така, една од општините усвоила програма на комисијата за ЕМЖМ, вклучувајќи и акционен план, со содржина која сосема отстапува

од улогата, надлежностите и формите на дејствување како работно тело на советот. Имено, не е јасно како формите на дејствување какви што се организирање работилници и трибини, обуки и информирање на граѓаните, како и прашањето на врсничкото насилство спаѓаат во делокруг на ова тело. Од содржината на годишната програма на друга општина не може да се заклучи што се очекува како резултат од нејзиното спроведување. За илустрација, нема разлика во именувањето на приоритетите и активностите, а целта на една од трите мерки се состои од дефиницијата за ЕМЖМ, а како активност е наведена дефиницијата за дискриминација.

Од прегледот на годишните програми за работа на советите на општините, не може да се заклучи дека се планира каква било дебата или одлуки поврзани со разгледување на задолжителните извештаи и годишни планови за ЕМЖМ, уште помалку информација за тематско прашање поврзано со ЕМЖМ.

Сите усвоени годишни планови имаат предвиден буџет, со тоа што покрај недоволната елаборација на мерките, во ниту една од нив не е содржана информација за ставките од буџетските програми. Сепак, висината на предвидените средства во поединечните планови е минорна во однос на вкупниот буџет на општините и на најдобар можен начин го покажува односот на локалните власти кон прашањето на родовата еднаквост, вклучувајќи го и местото кое го зазема на листата на општински приоритети.

## 3.3. Што работеа координаторите и комисиите за еднакви можности на жените и на мажите (ЕМЖМ)?

Основната законска улога и задачи на координаторите за ЕМЖМ е да ги координираат и обезбедуваат експертска поддршка за одделните сектори/одделенија во локалната администрација преку предлози за мерки за унапредување на ЕМЖМ. Во отсуство на посебни административни служби, тие ја преставуваат и оперативната поддршка на комисиите за ЕМЖМ како работни тела на советот, чијашто основна функција е да влијаат на политичката дебата и одлуките, вклучувајќи ја надзорната, којашто им овозможува и посредно влијание на начинот на кој општинската администрација го третира прашањето на родовата еднаквост.

Табела 3. **Активност на институционалните механизми за ЕМЖМ**

| ОПШТИНА | Координатор за ЕМЖМ | | Комисија за ЕМЖМ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вклучени/консултирани во подготовка на програми и буџет | Дале предлози/мерки до службите | Одржале седница | Разгледале програми надвор од програмата за ЕМЖМ | Разгледале буџет | Доставиле мислење и предлози до совет надвор од предлог програмата за ЕМЖМ |
| КАВАДАРЦИ | не | не | не | не | не | не |
| СТРУМИЦА | не | не | 1 | не | да | не |
| РАДОВИШ | не | не | не | не | не | не |
| ЦЕНТАР | не | не | 1 | не | не | не |
| КАРПОШ | не | не | 1 | не | не | не |

Од податоците за активностите на машинеријата може да се заклучи дека нема значајни поместувања во нивното дејствување, односно забележлива е слаба активност и иницијатива, како и недоволен капацитет за влијание на локалните процеси на идентификација, подготовка, донесување одлуки.

Информациите од следењето покажуваат дека координаторите се речиси исклучени од внатрешните консултации при програмирањето и немаат информации за содржината, мерките, а особено буџетите на одделните програми, а од нив се очекува да подготват каков било предлог на план за ЕМЖМ. Некои координатори учествувале во консултации за прибирање предлози од граѓаните, со тоа што ова учество е пасивно, без намера еднаквите можности на жените да се постават како тематско прашање. Некои од координаторите од различни оправдани причини не се во можност да придонесат во овие процеси, но нема нивна замена заради тоа што во повеќето општини не се назначени заменици. Дел од координаторите во општините кои немаат подготвен и усвоен годишен план очекуваат помош и поддршка од надворешни чинители во спроведувањето на законските надлежности и задачите, а некои одговорноста за отсуството на програма ја пренесуваат на комисиите за ЕМЖМ. Некои од нив сметаат дека нивна задача во подготовката на годишните планови плановите со мерки за унапредување на ЕМЖМ е да приберат проекти на граѓански здруженија.

Оние комисии за ЕМЖМ кои воопшто одржале седница, ги разгледувале и ги усвоиле плановите за ЕМЖМ, без да дадат какви било останати предлози. Особено отсуствуваат предлозите коишто подразбираат вклучување на тематски прашања за дискусија во годишните програми за работа на советот, покрај отсуството на задолжителното разгледување и усвојување на годишните извештаи, предлогот на програмата за ЕМЖМ, развојните програми и буџет, а коишто се законски утврден мандат на овие тела. Иако за новоформираните комисии за ЕМЖМ по локалните избори, заради кратките временски рокови и непознавање на прашањата од делокруг можеби е разбирливо слабото, или речиси никакво влијание преку предлози за ЕМЖМ во секторските програми и буџетот во процесот на донесување одлуки, загрижува неразбирањето на сопствената функција во општинската структура. Имено, една од претседателките на комисиите се впуштила во подготовка на годишен план со мерки на општината, кој во основа треба да биде подготвен од службите како предмет на разгледување со предлог за усвојување од советот.

## 3.4. На што се засновани програмите и буџетите на општините за 2018 година?

Една од клучните претпоставки за обезбедување релевантност и ефективност на општинските програми и буџети е тие да бидат засновани на кредибилни, статистички и други показатели за состојбите со пристапот до услуги за жените и родовиот јаз во одделните области на надлежност. Ова значи дека општинските власти најнапред би морале да воспостават континуирана пракса на прибирање податоци и различни

Табела 4. **Форми на консултации**

| ОПШТИНА | Средби со градоначалник/служби | Собири на урбаните и месните заедници | Форуми на заедницата | Писмени предлози | Друго | Посебни Косултации со жени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| КАВАДАРЦИ | да | да | не | не | Мој општинар | не |
| СТРУМИЦА | да | да | да | да | не | не |
| РАДОВИШ | да | не | не | да | не | не |
| ЦЕНТАР | да | не | да | да | Пријави проблем | не |
| КАРПОШ | да | не | не | не | не | не |

форми на консултации за жените да го дадат своето мислење, коментари, гледишта за приоритетните мерки и активности за финансирање. Ова ја вклучува и можноста за повратна информација и предлагање на алтернативни решенија на предлозите на локалните власти. Исто така, неопходни се и континуирани систематски активности за следење преку дефинирање на показатели коишто ќе ја идентификуваат почетната состојба, ќе се мерат очекуваните промени, опфатот, ефектите и влијанието на нивната работа врз различни категории граѓани и ќе се следи општиот напредок во унапредување на квалитетот на животот и развојот на заедницата.

Од податоците од следењето може да се заклучи дека ниту една општина нема пракса на организирање посебни консултативни средби со жените за прибирање на предлози за мерки. Една од општините прашањето на учеството на жените во јавниот и политичкиот живот го елаборира како приоритетно прашање во годишните програми за ЕМЖМ, притоа, фокусирајќи се на учеството во одлучувачките структури. Средби кај градоначалниците се најкористена форма, со тоа што тие вообичаено се организираат со граѓански здруженија и раководителите на месните и урбаните заедници, така што оваа комуникација е посредувана и тешко може да го обезбеди учеството на жените, освен неколку коишто се веќе активни во граѓанските здруженија. Граѓанското учество на жените е слабо и во оние форми кои дел од општинските власти ги применуваат заради консултации, а коишто подразбираат поширок опфат на граѓани какви што се јавните собири или форумите на заедницата. Ова особено се однесува на жените од руралните средини. Она што е забележливо е отстапување од пропишаната стандардизирана методологија за организирање на форумите во заедницата во општините кои организирале ваков вид консултации во смисла на типот, учесниците и водењето на процесот[2].

Дополнително, постои голема нејаснотија околу тоа каква е намерата на консулта-

2 ФОРУМ на заедницата во 11 чекори: прирачник / Кристина Хаџи-Василева (и др.). – Скопје: Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија – ЗЕЛС, 2010

циите, односно дали се тие во функција на прибирање предлози за мерки или за приоретизација на веќе испланирани мерки за финансирање. Имено, некои од средбите беа одржани во периодот кога програмите веќе беа во финална фаза на подготовка со помалку или повеќе дефинирани мерки, а истите не се претставени и елаборирани од општинските претставници во сумирана форма или дадени на увид како нацрт-документи. Ова особено се однесува на средбите за идентификација на буџетските приоритети.

Во најголем дел од анализираните општини, приоритетите коишто се предмет на следење воопшто не биле предмет на дискусија, освен во случаи кога се иницирани од организациите коишто го спроведуваа мониторингот.

Повеќето општини ниту прибираат, ниту располагаат со родово релевантни податоци, освен основни демографски показатели какви што се половата структура на населението, делумни статистички податоци по пол за учеството на пазарот на труд, и вработените во некои од институциите во надлежност на општината. Доколку отсуството на некои статистички показатели е разбирливо, имајќи го предвид проблемот на застареност или ограничениот пристап до релевантни официјални статистички податоци од Државниот завод за статистика на ниво на општини, загрижува тоа што прибирање и анализа на родово разделени податоци не се практикува ниту за родовата структура на корисниците на услугите или одделни мерки од програмите. Ниту една од општините нема сопствена иницијатива, спроведено истражување или анализа за состојбата со еднаквите можности на жените и на мажите во одделни области, освен во рамки на соработката со граѓански или меѓународни организации само во една од општинските програми за ЕМЖМ е поместена некаква аналитичка информација и има развиени индикатори, со тоа што опфатот на корисници/чки не е предвиден во ниту еден од плановите.

Табела 5. **Употреба на родово разделени аналитички податоци за планирање, следење и известување**

| ОПШТИНА | Родово разделена статистика за корисници на мерки | Друг вид родово разделена статистика | Родово релевантни истражувања спроведени од општината | Индикатори/ таргети |
|---|---|---|---|---|
| КАВАДАРЦИ | не | не | не | не |
| СТРУМИЦА | да | делумно | не | делумно |
| РАДОВИШ | не | не | не | не |
| ЦЕНТАР | не | не | не | делумно |
| КАРПОШ | не | не | не | не |

## 3.5. Каде се приоритетите на жените во секторските програми и буџет на општините

Генералниот преглед на секторските програми за социјална заштита и за локален економски развој за 2017 и 2018 година во однос на приоритетното прашање во петте општини соодветно, покажува сериозна маргинализација на прашањето на родовата еднаквост. Во ниту една од анализираните релевантни општински програми за 2017 и 2018 година не е содржана генерална намера за унапредување на родовата еднаквост остварувајќи ги специфичните цели во областа за која се подготвени. Во секторските програми отсуствува посеопфатна родово релевантна аналитичка информација за предизвиците, во описот на целните групи и/или индикаторите и очекуваните резултати преку коишто може да се заклучи дека општините внимаваат на обезбедување на еднакви можности во ползувањето на мерките и ресурсите предвидени со програмите.

Во програмите за социјална заштита забележливо е отсуството на жените како целна група и крајни корисници, со оглед на тоа што фокусот на програмите и мерките е ставен на децата, возрасните и лицата кои се маргинализирани или во социјален ризик. Покрај родовото слепило, еден од клучните приоритетни предизвици во контекст на унапредување на социјалната заштита од страна на локалните власти е прашањето за тоа која е целта и очекуваните ефекти на ваквите програми. Мерките со релативно високи поединечни буџетски износи во однос на останатите и се повторуваат во двете години во повеќе општини, се мерките кои во голема мерка наликуваат на хуманитарна помош, оносно се состојат од еднократна финансиска или друг вид помош којашто се доделува на барање на потенцијалните корисници во случај на итна потреба. Не е јасно како е определена висината на буџетираните средства од 3 000 000 денари која е идентична во две години во две општини, со оглед на тоа што не е однапред дефиниран ниту опфатот, ниту е пропишана висината на паричната помош за одделни различни корисници. Наспроти ваквиот тип мерки, во една од програмите е планирана поддршка на лица во социјален ризик со професио-

Табела 6. Програми за социјална заштита 2017 -2018

| ОПШТИНА | Родова анализа | | Родово специфични цели | | Жени како целни групи | | Посебни мерки со буџет | | Индикатори/ таргети | | % од вкупен буџет на програмата | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 | 2018 | 2017 | 2018 | 2017 | 2018 | 2017 | 2018 | 2017 | 2018 | 2017 | 2018 |
| ЦЕНТАР | не | не | не | не | не | не | не | да | не | Да | 0% | 1.49 % од 16.770.000мкд |
| КАРПОШ | не | не | не | не | не | не | не | не | не | не | 0% | 0% |

Табела 7. Програми за локален економски развој 2017-2018

| ОПШТИНА | Родова анализа | | Родово специфични цели | | Жени како целни групи | | Посебни мерки со буџет | | Индикатори/ таргети | | % од вкупен буџет на програмата | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 | 2018 | 2017 | 2018 | 2017 | 2018 | 2017 | 2018 | 2017 | 2018 | 2017 | 2018 |
| КАВАДАРЦИ | не | не | не | не | не | не | не | да | не | Да | 0% | 0% |
| СТРУМИЦА | не | не | не | не | не | да | да | не | не | не | непознато | 3,77% од 13.240.000мкд |
| РАДОВИШ | не | не | не | не | не | не | не | не | не | не | 0% | 0% |
| ЦЕНТАР | не | не | не | не | не | не | не | не | не | не | 0% | 0,79% од 25.128.000мкд |

нални обуки за вклучување на пазарот на трудот со опфат од 15 корисници. Како целни групи на мерката се категории кои, иако наведени во родово неутрални термини (самохрани родители, жртви на семејно насилство), би можеле да се сметаат како поволност за жените, со оглед на нивната висока застапеност кај овие категории граѓани. Сепак, висината на предвидените средства е најнизок од сите буџетирани мерки во програмата.

Сите општини во коишто беше мониториран овој приоритет имаат усвоени програми за локален развој, сепак ниту една од нив не го препознава нивниот потенцијал за едновремено унапредување на родовата еднаквост преку кроење на мерките од програмите на начин којшто ќе обезбеди еднаков пристап и полза за жените. Такви се на пример мерките планирани во повеќето програми за локален економски развој, односно воспоставување на база на економски субјекти, преку кои можат да се обезбедат податоци за сопственичката или управувачката структура на економските субјекти во општината. Воедно не се препознава ниту потребата од воведување однапред определени индикатори или таргети за поединечни мерки наменети за развој и раст на постоечките економски субјекти во сопственост или управувани од

жени преку коишто ќе се обезбеди балансиран пристап до информациите, експертската поддршка и финансиските ресурси предвидени со буџетите на овие програми кои не се за занемарување.

Жените како целна група и крајни корисници се споменуваат во програмите за локален економски развој на две од четирите општини во кои економското зајакнување беше приоритет за следење.  Во нив се испланирани вкупно 2 мерки, а истите се фокусираат на економско зајакнување, односно поттикнување на женското претприемништво, што е за поздравување.

Една од двете општинските програми за локален економски развој предвидува воспоставување фонд за женско претприемништво за којшто се предвидени средства од 500 000 денари. Од содржината на програмата за оваа мерка не се достапни специфични информации за дизајнот на оваа мерка во смисла на категориите целни групи, нивниот опфат, типот на поддршката којашто ќе се обезбедува,  висината на средствата доколку се работи за финансиска поддршка и условите и критериумите за аплицирање. Исто така, не е јасно како ќе се обезбеди одржливост и/или проширување на опфатот со оглед на релативно нискиот износ на планирани средства за оваа намена. Според информациите од надлежните, концептот на оваа мерка, којашто се повторува во две последователни години во програмите на општината, допрва ќе биде дефиниран.

Во другата програма за локален економски развој, жените претприемачи се наведени како една од групите крајни корисници за бесплатни тематски обуки за поттикнување на вработување, самовработување и конкурентност покрај нови стартапи, мали претпријатија, млади студенти, невработени и други заинтересирани лица. Од описот на оваа програмска мерка не може да се утврди опфатот на корисници и специфичните целни групи за секоја од тематските обуки предвидени со мерката, а за кои отсуствува и информација за времетраењето, начинот на реализација (објавување, пријавување, критериуми) и сл.  Воедно, не може да се утврди структурата на буџетот предвидени за одделните активности на мерката. Сепак, во извештајот мерката е преставена како посебна, поттикнувачка мерка со оглед на вниманието коешто му е поветено на женското претпиемништво во опфатот на целните групи.



# 4.

# ПРЕПОРАКИ

- Воведување континуирана пракса на активно информирање и на консултации со жените, коишто ќе бидат фокусирани на идентификација на предизвиците и на прибирање предлози за унапредување на еднаквите можности на жените и родовата еднаквост.
- Воведување формална обврска за сите служби на администрацијата задолжени за подготовка на програмите и буџетот за прибирање, систематизација и анализа, како и меѓусебно споделување на родово разделени податоци во областа за којашто се надлежни. Ова ги вклучува родово релевантните податоци за корисниците на програмите и мерките и други податоци за состојбата со еднаквите можности на жените и мажите во сите објасти на надлежност.
- Развивање на капацитети на сите служби на администрацијата задолжени за подготовка на програмите и буџетот за планирање засновано на докази преку задолжителна анализа, индикатори за следење на спроведувањето и мерење на напредокот, реализираните средства и ефектите врз мажите и жените корисници на мерките.
- Изработка и усвојување на повеќегодишни сеопфатни планови за унапредување на родовата еднаквост како основа за годишно програмирање, буџетирање и отчет на сите нивоа на планирање и одлучување, со активно вклучување и придонес на широк опфат на засегнати страни и потенцијалните корисници.
- Развивање на системи за внатрешни консултации помеѓу сите служби на администрацијата задолжени за подготовка на програмите и буџетот, вклучувајќи ги координаторите за еднакви можности на жените и мажите во функција на: проценка на остварените резултати на општината во унапредувањето на еднаквите можности и подготовка на годишните извештаи, консултации и подготовка на годишни планови за еднакви можности на жените и мажите и внесување на родовата перспектива во идните секторски програми и буџети.
- Воведување пракса на повеќефазно планирање и донесување одлуки за програмите и буџетот, со навремено објавување на нацрт-плановите и буџетите со прилагодена содржина и обезбедување време за увид и консултации со жените во врска со намерите, приоритетите очекуваните резултати буџетските алокации.
- Издвојување повеќе ресурси и ревизија на постоечките развојни и програмите и мерките коишто имаат најголем потенцијал да придонесат во унапредување на социјалната сигурност и економските можности на жените како приоритет.

- Вклучување тематски прашања за дискусија во годишните програми за работа на советот од страна на комисиите за ЕМЖМ, покрај задолжителното разгледување и усвојување на годишните извештаи, предлогот на програмата за ЕМЖМ, развојните програми и буџет, а коишто се законски утврден мандат на овие тела.

# 5.

# ЛИСТА НА ИЗВОРИ:

## СТРУМИЦА:

**Социјалана карта на Општина Струмица,** 2016 http://www.strumica.gov.mk/downloads/objavi/socijalnakarta.pdf

**Стратегија за унапредување на родовата еднаквост (2017 – 2020)** http://www.strumica.gov.mk/downloads/ler/2017/Strategija%20za%20unapreduvanje%20na%20rodova%20ednakvost%20Strumica.pdf

**Програмата за активности на Општина Струмица во областа на локалниот економски развој и туризмот за 2017 година,** Службен гласник на Општина Струмица бр.21/2016

**Програма за активностите на Општина Струмица во областа на еднаквите можности на мажите и жените за 2017 година,** Службен гласник на Општина Струмица бр.21/2016

**Буџет на Општина Струмица за 2017 година,** Службен гласник на Општина Струмица бр.21/2016

**Програма за работа на Совет на Општина Струмица за 2018 година,** Службен гласник на Општина Струмица бр.23/2017

**Развојни програми 2018,** документ од буџетски форуми во Струмица одржани на 1 и 4 декември 2017

**Програма за активностите на општина Струмица за областа од социјалната заштита и заштита на децата во 2018,** Службен гласник на Општина Струмица бр.23/2017

**Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на еднаквите можности за 2018,** Службен гласник на Општина Струмица бр.23/2017

**Програмата за активности на Општина Струмица во областа на локалниот економски развој и туризмот за 2018 година,** Службен гласник на Општина Струмица бр.23/2017

**Буџет на Општина Струмица за 2018,** Службен гласник на Општина Струмица бр.23/2017

**Коста Јаневски,** градоначалник на Општина Струмица Нела Масалковска, координатор за еднакви можности на жените и мажите на Општина Струмица

**Тони Милушев,** раководител, Одделение за локален економски развој на Општина Струмица

**Евгенија Граматикова,** раководител, Одделение за буџет и сметководство на Општина Струмица

**Зоран Узунов,** инспектор за образование на Општина Струмица

Присуство на седница на Совет на Општина Струмица одржана на 27.12.2017

## ЦЕНТАР:

**Социјалана карта на Општина Центар,** 2016 http://cccentar2.spinfoorgmk.webfactional.

com/promovirana-prva-sotsijalna-karta-na-opshtina-tsentar/

**Буџет на Општин Центар за 2017**, Службен гласник на Општина Центар бр.19/2016

**Граѓански буџет на Општина Центар за 2017** http://cccentar.mk/wp-content/uploads/2017/04/Graganski-budhet-za-opshtina-TSentar-za-veb.pdf

**Програма за работа и акциониот план на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Центар за 2017**, Службен гласник на Општина Центар бр.19/2016

**Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на децата на Општина Центар за 2017 година**, Службен гласник на Општина Центар бр.19/2016

**Буџетски календар на Општина Центар за 2017 година**, Службен гласник на Општина Центар бр.3/2017

**Програма за работа и акционен план на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Центар за 2018 година**, Службен гласник на Општина Центар - Скопје бр.24/2017

**Нацрт програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар за 2018 година** http://opstinacentar.gov.mk

**Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар за 2018 година**, Службен гласник на Општина Центар - Скопје бр.24/2017

**Нацрт програма за локален економски развој на Општина Центар за 2018** http://opstinacentar.gov.mk

**Програма за локален економски развој на Општина Центар за 2018**, Службен гласник на Општина Центар - Скопје бр.24/2017

**Буџет на Општина Центар за 2018**, Службен гласник на Општина Центар - Скопје бр.24/2017

**Програма за работа на Советот на Општина Центар за период јануари-декември 2018**, Службен гласник на Општина Центар - Скопје бр.24/2017

Записник од 1-та седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Центар

**Записник од прва сесија во рамки на Буџетски форум на Општина Центар за 2018**, одржана на 04.12.2017

**Сашо Богдановиќ**, градоначалник на Општина Центар

**Дрита Исени**, координатор за еднакви можности на жените и мажите на Општина Центар,

**Јана Белчева Андреевска**, претседателка на Совет на Општина Центар

**Елена Чалчеста Ташаминова**, виш соработник, Одделение за здравствена, социјална заштита и заштита на деца, Сектор за јавни дејности на Општина Центар

**Емил Николовски**, соработник, Секторот за финансиски прашања на Општина Центар,

**Јована Мирческа**, претседател, Комисија за еднакви можности на жените и мажите на Општина Центар

**Убавка Стојанова**, самостоен референт, Сектор за поддршка на Совет на Општина Центар

**Стефанија Макаровска**, помошник раководител, Одделение за локален економски развој

Присуство на седница на Совет на Општина Центар, одржана на 18.12.2017

Присуство на седница на Совет на Општина Центар, одржана на 20.12.2017

Присуство на седница на Совет на Општина Центар, одржана на 27.12.2017

## КАВАДАРЦИ:

**Буџет на Општина Кавадарци за 2017**, Службен гласник на Општина Кавадарци бр.52/2017

**Програма за развој на Општина Кавадарци за 2017**, Службен гласник на Општина Кавадарци бр.52/2017

**Предлог буџет на Општина Кавадарци за 2018**, www.kavadarci.gov.mk

**Буџет на Општина Кавадарци за 2018**, Службен гласник на Општина Кавадарци бр.5/2017

**Предлог програма за развој на Општина Кавадарци за 2018** www.kavadarci.gov.mk

**Програма за развој на Општина Кавадарци за 2018**, Службен гласник на Општина Кавадарци бр.4/2017

**Митко Јанчев**, градоначалник на Општина Кавадарци

**Виолета Димитрова**, претседател Комисија за еднакви можности на жените и мажите во Општина Кавадарци

**Милка Тотова**, координатор за еднакви можности на жените и мажите во Општина Кавадарци

**Ефремов Тодор**, раководител, Секторот за локален економски развој во Општина Кавадарци

**Сузана Шалева**, шеф на Кабинет на градоначлникот на Општина Кавадарци

**Зорица Стефанова**, соработник за подготовка на седница на Совет, Сектор за општи правни и општествени работи на Општина Кавадарци

Присуство на седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на 29.12.2017

## КАРПОШ:

**Програмата за еднакви можности меѓу жените и мажите за 2017**, Службен гласник на Општина Карпош 14/2016

**Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на за детска, социјална и здравствена заштита за 2017**, Службен гласник на Општина Карпош бр.14/2016

**Буџет на Општина Карпош за 2017**, Службен гласник на Општина Карпош бр.14/2016

**Програми за активностите на Општина Карпош во областа на детска,социјална и здравстена заштита за 2018**, Службен гласник на Општина Карпош бр.18/2017

**Програма на Општина Карпош од областа на еднакви можности меѓу жените и мажите за 2018**, Службен гласник на Општина Карпош бр.18/2017

**Буџет на Општина Карпош за 2018**, Службен гласник на Општина Карпош бр.18/2017

**Евантија Стојановска**, координатор за еднакви можности на жените и мажите во Општина Карпош

**Виолета Михајловска**, поранешен координатор за еднакви можности на жените и мажите на Општина Карпош

**Тања Пантелич Гишев**, виш соработник, Одделение за детска заштита, социјална заштита и здравствена заштита, Сектор за дејности од јавен интерес во Општина Карпош

**Биљана Костова**, председател, Комисија за еднакви можности на жените и мажите на Општина Карпош

**Андреј Манолев**, претседател, Совет на Општина Карпош

Присуство на седница на Совет на Општина Карпош одржана на 29.12.2017

## РАДОВИШ:

**Стратешки план за локален економски развој на општините Радовиш и Конче 2014-2020**

**Програма за локален економски развој на Општина на Радовиш за 2017 година**, Службен гласник на Општина Радовиш бр.15 од 30.12.2016

**Буџет на Општина Радовиш за 2017**, Службен гласник на Општина Радовиш бр.15 од 30.12.2016

**Програма за работа на Советот на Општина Радовиш за 2017**, Службен гласник на Општина Радовиш бр.15 од 30.12.2016

**Програма за работа на Советот на Општина Радовиш за 2018**, Службен гласник на Општина Радовиш бр.15/2017

**Програма за Локален економски развој за 2018 година**, Службен гласник на Општина Радовиш бр.15/2017

**Буџет на Општина Радовиш за 2018**, Службен гласник на Општина Радовиш бр.16/2017

**Герасим Конзулов**, градоначалник на Општина Радовиш

**Ристе Стевков**, вработен во Сектор за нормативно-правни, јавни дејности и општи работи во Општина Радовиш

**Оливера Долдурова**, координатор за еднакви можности на жените и мажите во Општина Радовиш

**Виолета Ефнушева**, раководителот, Одделение за финансирање и буџет во Општина Радовиш

**Верица Газепова**, вработена, Одделение за локален економски развој во Општина Радовиш

**Лазар Газепов**, раководител, Одделение за локален економски развој во Општина Радовиш

Присуство на седница на Совет на Општина Радовиш одржана на 22.12.2017

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

305:352.073.52(497.7)

САВОВСКА, Марија
Третманот на родот во општинските програми и буџети: сумарен извештај од следење во општините Струмица, Кавадарци, Радовиш, Центар и Карпош / [авторка Марија Савовска]. - Скопје: Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска, 2018. - 24 стр. : илустр. ; 30 см

Публикацијата е во рамки на проектот: "Застапување на родово инклузивни локални буџети". - Библиографија: стр. 22-24

ISBN 978-9989-2910-6-7

а) Родова рамноправност - Локално буџетирање - Македонија - 2018 COBISS.MK-ID 106883082

